## Септември, Светски месец на Алцхајмеровата болест

Секој септември е ***месец на Алцхајмеровата болест во светот*** и вклучува меѓународна кампања со цел да се подигне свеста и да се оспори стигмата која ја опкружува деменцијата.

Светскиот месец на Алцхајмеровата болест е започнат во 2012 година, а ***Светскиот ден на Алцхајмеровата болест е на 21-ви септември*** секоја година.

Мрежата на Прсти Ширум Светот (***World Wide Fingers network***), претставува истражувачка иницијатива со цел да се спречи или да се одложи почетокот на опаѓањето на когнитивните способности. Таа е иницирана на 19-ти јули 2017 година на Меѓународна Конференција на Асоцијацијата на Алцхајмеровата болест.

Ризикот од Алцхајмеровата болест (АБ), најчестата форма на деменција, во голем дел е генетски регулиран, но преваленцата опаѓа во многу земји со висок приход; значи, *променливите ризик фактори* исто така влијаат. Идентификувањето и справувањето со овие фактори е итен приоритет за истражување, поради што мрежата (World Wide Fingers network) е чекор во вистински правец.

Анализа на податоци од истражувања на населението откриваат дека околу една третина од случаите на АБ во САД и Европа се припишуваат на седум потенцијално променливи ризик фактори: физичка неактивност, пушење, средовечна хипертензија, средовечна дебелина, дијабет, депресија и ниски образовни достигнувања. Наодите претпоставуваат дека со таргетирање на овие ризик фактори преку јавно-здравствени интервенции, преваленцата на болеста би можела значително да се намали.

---

Септември, 2017
Преземено од: The Lancet Neurology, September 2017
Подготвил: прим. д-р сци. В.Спирова